РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1878/1
04-05-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 31 – ва седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр. 08-5308/1 од 21.11.2019 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5308/1 од 21.11.2019 година.

Предметот со број 08-5308/1 од 21.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена анонимна пријава со бр. 09-2233/1 од 02.04.2019 година, против --------------------, заменик директор на ----------------------, со наводи за злоупотреба на службената должност и јавните овластувања, вработување на блиски лица, како и зголемување на имотот за краток временски период. Државната комисија за спречување на корупцијата, после увидот во електронската база на анкетни листови и изјави за интереси, констатира дека лицето ------------------ има поднесено анкетен лист за престанок на функцијата заменик директор на ------------------- на 19.04.2018, а дата на престанокот на оваа функција е на 27.02.2018 година, односно анкетниот лист е поднесен со задоцнување. Исто така, ова лице има поднесено анкетен лист и изјава за интереси за именување на функцијата заменик директор на ----------------- на ден 19.04.2018 год, а изборот е извршен на 27.02.2018 год, повторно со задоцнување. Согласно наведеното, Државната комисија, на дваесет и четвртата седница одржана на 15.11.2019 година, донесе одлука:

1. Да се поведе прекршочна постапка против лицето -------------------, во Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба за повреда на член

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

82 став 1 в. в со член 109 став 1 алинеја 1 од ЗСКСИ и член 82 став 3 в.в со член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон, бидејќи не поднел анкетен лист во рок од 30 дена од именувањето на функцијата заменик директор на ------------------- и не поднел анкетен лист во рок од 30 дена од престанок на функцијата заменик директор на ---- -------------------- на која бил именуван.

2. Согласно член 92 став 1 од ЗСКСИ во Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба да се изврши проверка на вистинитоста на податоците внесени во анкетниот лист на лицето ---------------------.

3. Во конкретниот предмет нема наводи за констатирање на состојба на судир на интереси. Предметот со бр. 09-2233/1 од 02.04.2019 година да се затвори и архивира.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Во конкретниот случај, анкетни листови за избор и престанок на функција заменик директор лицето ------------------- имал обврска да достави во рок од 30 дена од денот именувањето односно престанокот на функцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

ДКСК, од Министерството за внатрешни работи побара и обезбеди податоци (ЕМБГ и сродство) за лицата со кои живее во заедничко домаќинство.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ---------------------- и за имотот на членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По извршената анализа на обезбедените податоци од надлежните институции утврдено е дека лицето -------------------- поседува недвижен имот (стан, помошна просторија и паркинг место во затворен простор со површина од 91м2, 10 м2 и 17 м2 ретроспективно) запишани на имотен лист број ------------- за КО ---------------.

Од Уверение за историски преглед на извршените запишувања за КП број ------ -------- зграда 1 влез 1 кат / стан 15 КО --------------- со број 1107-4743/2022 од 19.05.2022

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

година издаден од Агенцијата за катастар на недвижности може да се утврди дека горенаведениот објект добил Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект Уп1 бр.2105-9163 од 28.02.2019 година.

Со цел отстранување на сомнежите за доследно применување на член 2 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до општина -------------- со допис број 08-4746/9 од 16.09.2022 година со барање да се достави целосна информација и документација во врска со постапката за легализација на бесправно изграден објект на КП -------- во КО ------------ врз основа на која е донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр. 2105-9163 од 28.02.2019 година од Општина ---------------.

Од страна на општина ----------- доставен е допис заведен со нивни број 08-2073/2 од 19.10.2022 година со кој во прилог се доставуваат во копија следните документи:

- Барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од -------------,
- Лична карта од ------------------,
- Уплатница од административна такса за легализација
- Изјава од ------------------ дека објектот е изграден пред стапување во сила на Законот за постапување на бесправно изградени објекти,
- Заклучок за прекин на постапка од 09.01.2018 година,
- Записник за извршен увид на само место од 05.02.2019 година,
- Прва страна од геодетски елаборат деловен број 0801-505/3-2018 од 12.09.2018 година,
- Заклучок Уп 1 бр.2105-9163 од 18.02.2019 година и
- Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект Уп 1 бр.2105-9163 од 28.02.2019 година.

По спроведено истражување преку јавно достапни алатки кои овозможуваат сателитски снимки врз објекти и недвижнини Државната комисија за спречување на корупцијата дојде до сознанија дека е можно недоследно спроведување на член 2 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти односно дека најверојатно на објектот кој се наоѓа на КП ----------- за КО ---------------- градежните и инсталатерските работи се изведени по 03 март 2011 година.

Поради горенаведеното Државната комисија за спречување на корупцијата донесе заклучок предметот со број 08-5308/1 од 21.11.2019 година да се предаде на надлежно постапување на Јавното обвинителство на РСМ.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р. Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk